Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Илинден на 42та седница одржана на 26.12.2026 година донесе

**Буџетски календар**
**на Општина Илинден за 2026 година**

| Ред. бр. | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| **1** | Советот на Општина Илинден го донесува буџетскиот календар. | Декември/Јануари |
| **2** | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите сектори и буџетски корисници. | Најдоцна до 31ви Август |
| **3** | Сите одделенија и буџетски корисници доставуваат Предлог план на програмите за развој и финансиски планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции до Одделението за финансиски прашања. | Најдоцна до 15ти Септември |
| **4** | Министерот за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година. | Најдоцна до 30ти Септември |
| **5** | Одделението за финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог-буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 20ти Октомври |
| **6** | Одделението за финансиски прашања добиените Предлог планови на програми за развој од сите одделенија и буџетски корисници ги разгледува, анализира, усогласува и доставува до Градоначалникот. Градоначалникот ги доставува на одобрување до Советот на општината. | Најдоцна до 20ти Октомври |
| **7** | Советот на општината го одобрува Предлог планот на програми за развој. | Најдоцна до 15ти Ноември |
| **8** | Одделението за финансиски прашања го изготвува Предлог буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| **9** | Градоначалникот го доставува Предлог буџетот до Советот и организира јавна расправа по Предлог буџетот. | 15 Ноември |
| **10** | Советот на Општина Илинден го усвојува Предлог буџетот. | Најдоцна до 25ти Декември |

Буџетскиот календар на Општина Илинден за 2026 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Илинден ".

Совет на Општина Илинден
Претседател
Светлана Слезенковска

## Образложение

Буџетскиот календар е изготвен согласно член 27 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04 и 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 ).

Со буџетскиот календар се утрдуваат роковите за планирање на Буџетот на Општина Илинден во рамки на роковите утврдени во Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Процесот на успешно буџетирање, како и секој процес, подразбира навремено и стручно планирање и подготовка. Со цел буџетот да се изготви и донесе во законски утврдениот рок пред почетокот на фискалната година, неопходно е да се направи план за подготовка на буџетот согласно буџетскиот календар.

Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои е потребно да се спроведат неопходните активности кои ги презема градоначалникот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници. Врз основа на утврдените приоритети на општината и целите кои треба да се постигнат во одделни области за конкретните активности, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до Градоначалникот. По изготвување на буџетот Градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до Советот на општината.

Ова се главните чекори кои се утврдуваат со законската регулатива, меѓутоа при подготовката на буџетот се одвиваат повеќе подактивности со кои се постигнува квалитетот во планирањето.

Со буџетскиот календар затоа се дефинираат потребните рокови за преземање на сите дејствиа кои претставуваат пропратен и задолжителен елемент во процесот на подготовка и донесување на буџетот на општината во законски утврдените рокови.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
ГРАДОНАЧАЛНИК
М-р Александар Георгиевски